Татјана ТАКАШМАНОВА-СОКОЛОВСКА

# ВО ПОТРАГА ПО РАЗВОЈНО-ПСИХОЛОШКИ КРИТЕРИУМИ ШТО ГО ДЕФИНИРААТ ПЕРИОДОТ НА ЗРЕЛОСТА

Што е тоа што го означува почетокот на периодот на зрелоста (adulthood) и прифаќањето на улогата на возрасен (adult) во текот на развојот? Како да се прави разлика помеѓу младешката желба или стремежот да се биде возрасен и вистинската способност на младиот човек да почне и да продолжи да се однесува соодветно на развојните задачи, улоги и персонално функционирање што во текот на развојот ги поставува зрелоста како развоен период, а притоа добро да се чувствува? Како (и кога) да се одбележи границата на нереверзибилната промена во личниот развој што го спречува човекот да ја избегнува (отфрла) социјалната одговорност и психолошкото враќање кон детството?

На современата психологија (особено на развојната и развојно-социјалната) сè уште ѝ недостасуваат критериуми за правење психолошка разлика меѓу поимите „адолесценција", „младост" и „зрелост". Прашањето околу настапувањето на (влегувањето во) периодот на зрелоста формално е препуштено, всушност, на доаѓањето на возраста кога може да се одговара пред законот и власта. Дали тоа значи дека развојната психологија е беспомошна при објаснувањето на периодот на зрелоста, (толку многу важен, развојно долг и комплексен) во човековиот живот?

Општо познато е дека настапувањето на полнолетството коешто подразбира цела низа на граѓански одговорности и права, во разни земји настапува во различно време зависно од нивното законодавство. Без сомнение, тоа е едно од главните белези во текот на целиот живот на човекот. Дали овој возрасен белег се базира врз медицински, социјални или психолошки истражувачки податоци или е само признание на одредена културно-историска традиција? Како развојната психологија може да ги објасни разликите во подготвеноста да се биде возрасен (зрел) и како може да се одреди соодветната возрасна граница? Што всушност значи „настапување на зрелоста во смисла на полнолетството" за развој-

ната психологија? На пример, дали тоа значи дека кај нас, или на просторите од бившиот Советски Сојуз може да се стане зрел (полнолетен) во психолошка смисла три години порано во однос на САД, бидејќи законодавството одредува полнолетство на 18-годишна возраст?

Невозможно е да се одговори на ова прашање без да се дефинираат поимите „возрасен (зрел)" и „зрелост". Социолозите и историчарите кои ја анализираат историско-културната природа на младоста и зрелоста, го избегнуваат ова прашање со изјавата: „поимот *возрасен (adult)* се однесува на исполнување (завршување) на емоционалниот и социјалниот развој на единката. Во исто време, тоа сигнализира една специфична животна улога во општеството која се разликува од истата во адолесценцијата" (Mitteraurer, 1992, според Breslav, 2001).

Оваа изјава веројатно не може да ги задоволи психолозите затоа што таа не успева да ги обезбеди критериумите за психолошка разлика меѓу поимите „адолесценција", „младост" и „зрелост".

Изненадувачки е што основните учебници на развојната и развојно-социјалната психологија ја избегнуваат дискусијата по овој проблем (според Whitbourne, 2001). Во постарите учебници можат да се сретнат прилично нејасни дефиниции, како, на пример: „зрелоста значи позитивно решение на развојните противречности и проблеми" (Daton & Eisberg, 1975). Durkin (1997), пак, во неговиот основен учебник од областа на развојно-социјалната психологија го спомнува само Hartup-овото размислување за вертикални и хоризонтални врски (односи) во човековото живеење. Поточно, природата (суштината) на зрелоста е одредена со интензивирање на односите по должината на двете оски: хоризонтално, врската со партнерот има главно значење за емоционалната и практичната организација на животот, додека како родител, зрелиот (возрасниот) човек ја свртува својата позиција во вертикална димензија, па сега со статус на постар, ги презема одговорностите за грижа и издршка. Во исто време, забележано е дека во позиција на вработен, раната зрелост често вклучува враќање на личноста кон позиција на помлад во социјалната структура на односи и врски.

Некои други современи психолози што го изучуваат човековиот развој, и тоа од аспект на развојни промени во текот на целиот животен опсег (life-span пристап), на пример, Grace Craig (2000), тврдат дека за раз-

лика од детството и адолесценцијата, невозможно е да се пронајдат објективни физиолошки и психолошки критериуми за зрелоста (бидејќи сите тие критериуми подоцна стануваат само социјално-културни), или, пак, како, на пример, Helen Bee (1998), сосема го игнорираат проблемот (според Breslav, 2001).

*

* *

Проблемите околу определувањето на почетокот на зрелоста и, особено, времетраењето на раната зрелост, како и другите, пред сè, квалитативно различни стадиуми во текот на овој развоен период (средна и доцна зрелост), особено се компликуваат со пролонгирањето на времето за премин и преземање на главните улоги од адултниот период од страна на современиот млад човек. Тука првенствено се мисли на улогите и развојните задачи врзани за вработувањето, економската независност, бракот, родителството, поточно на сè што е поврзано со партнерските, родителските односи, професионалната дејност и развој, како и комплексната улога на продуктивен и одговорен граѓанин. Пролонгирањето, како и одвивањето на овие улоги, во современиот свет, од многубројни причини, е проследено и со многу варијации кои задолжително бараат личноста активно да ги редефинира или пошироко да ги утврдува сопствените ставови, верувања и вредносни ориентации.

Во современиот свет денес, во поголемиот дел култури, животот сè помалку е институционализиран и премините од еден во друг развоен стадиум, па дури и во нова улога, помалку се регулирани од јасно дефинирани општествени норми и правила. Традицијата, социјалното раководење, па дури и социјалната поддршка што го олеснува преминот кон зрелоста како развоен период е многу намалена, и тоа во најважните домени на адултните одговорности. Во потрага по соодветна социјална улога очекувана за периодот на зрелоста, особено во раната зрелост, па дури и подоцна, човек денес може да се најде конфузен и прилично осамен. Токму затоа современите развојни психолози, особено оние кои се потпираат на наодите од емпириски истражувања (Shulman et al., 2001) инсистираат развојно-квалитативните промени во зрелоста да не се дефинираат

премногу строго и, принципиелно, да се базираат врз квалитетот на карактерот, моралните и севкупните персонални капацитети на личноста. Резултатите сугерираат дека денес успешниот премин во зрелоста, како и премините низ квалитативно различните фази низ годините на зрелоста, многу повеќе се заснова и е детерминиран од внатрешните капацитети и инклинации на личноста и нејзината интринзична мотивација, отколку на надворешните околности и услови.

Дефинирајќи го периодот на зрелоста како период на чести промени и експлорација на животните дирекции на личноста во љубовта, работата и погледите на светот, Shulman и соработниците укажуваат дека низ годините на зрелоста економските услови сѐ помалку се фаворизираат од страна на личноста, барајќи сѐ пософистицирани манифестации на индивидуалните, когнитивните и психолошките атрибути, како и на успешноста во работата. Притоа, овие истражувачи укажуваат на три важни развојни моменти, особено во првите години од зрелоста: воспоставување прелиминарен идентитет на возрасен, кој се потпира врз секундарната индивидуација започната во адолесценцијата и се надградува со стекнување на т.н. персонален авторитет. Персоналниот авторитет во себе содржи стекнување емоционална автономија, особено во релациите со родителите и примарното семејство од кое потекнува личноста, како и воспоставување релативно цврсти личносни капацитети, пред сѐ за интернално регулирање на себепочитувањето. Сето ова, од друга страна, придонесува прелиминарниот идентитет на возрасен да се доизградува, да се менува, конечно, да води кон, главно, квалитативни развојни промени и придобивки означени низ термините на *само-регулација* (self-regulation), *јакнење на идентитетот* и развој на *персоналните значења* и *метакогнитивните способности и конструкти*. Овие развојни механизми и нивното значење за зрелоста, во современата литература главно се објаснуваат низ еден специфичен сет на развојно-психолошки идеи за постојаната интеракција меѓу субјектот и објектот издвоени низ прегледот на некои психосоцијални теории за развојот на личноста, развојно-когнитивните теории, современите учења за социјалната когниција и емоционалната интелигенција.

*

*  *

### *Интеракционистичка перспектива во објаснување на зреlоста*

При објаснување на зрелоста како развоен период, од една страна, се поставува широкиот опсег на *хронолошка возраст*, а од друга, *биолошката возраст* (медицинско-физиолошко стареење), *психолошка возраст* и *социјална возраст* (Whitbourne, 2001).

Психолошката возраст главно ги подразбира развојните промени во врска со интелигенцијата, помнењето, учењето, поточно севкупното когнитивно функционирање во секојдневниот живот, како и некои специфични способности и структури во врска со социјалната когниција и метакогнитивните процеси и способности. Всушност, развојните промени во зрелоста не се врзани за некои поголеми квалитативни и квантитативни промени во рамките на поединечните психички процеси и особини, туку пред сè со зрелоста доаѓа до развојни промени во врските меѓу процесите (Ivić, 1987).

Социјалната возраст ги подразбира развојните промени тесно врзани за специфичните социјални улоги и е под силно влијание на некои социјални фактори: социјална полова улога, расна припадност, етничка припадност, религија, социо-економски статус и слично. Тука посебно се издвојува влијанието на културно-историскиот контекст на средината во која се развива единката.

Во развојот на личноста и нејзиното функционирање се манифестираат ефектите од непрекинатата интеракција меѓу биолошката, психолошката и социјалната возраст во периодот на зрелоста.

Во врска со социјалната зрелост или возраст, честопати се спомнува т.н. „социјален часовник". Станува збор за процес кој всушност ги претставува нормативните очекувања на социјалната средина во одреден културно-историски контекст за тоа на која возраст (календарска или хронолошка) треба или е пожелно рамковно да се одвиваат (случуваат) главните животни настани, на пример стапувањето во брак, родителството, и слично. Тесно поврзани за социјалниот часовник се феномените: „навреме" (on-time) и „надвор од времето" (off-time) – порано или подоцна од социјално пожелното време. Ако личноста реализира некоја социјална улога „надвор од времето", тоа може да биде поврзано со многу

лошо персонално општо чувство и лошо персонално функционирање, особено ако личноста доживува дека е изложена на критицизам од другите. Ова особено може да биде потенцирано ако се земе предвид дека за социјалниот часовник може да бидат врзани многу стереотипи и предрасуди, познати како „возрастизам“ (ageism).

Во текот на онтогенетскиот развој, особено кога станува збор за развојните промени во текот на зрелото доба, во современите истражувања и теоретски концепти посебно се истакнува интеракцијата помеѓу психолошкото и социјалното стареење или возраст. Нивната тесна поврзаност се означува така што се говори за *персонално стареење* (personal aging) во целина. Притоа, посебно се издвојуваат промените во идентитетот на личноста, сфатен како композит на индивидуални селф-репрезентации во биолошкиот, психолошкиот и социјалниот домен на личноста и нејзиното живеење. Во таа смисла се акцентира епигенетскиот принцип на развојот, како и мултидимензионалноста, мултидирекционалноста и пластичноста во развојот.

Ваквата био-психо-социјална перспектива за објаснување на текот на развојот во зрелоста, на разни начини и низ различни теоретски модели ја подвлекува идејата дека текот на развојот и персоналното стареење зависат од природата на специфичните индивидуални интеракции со средината.

### *Поимот за идентитет според Ериксон и Марсија*

При разбирањето на зрелоста, Erikson-овата идеја за идентитет (Erikson, 1959, 1963, 1975, 1976 според Breslav, 2001; Demetriou et al, 1999; Ivić, 1987; Такашманова, 1999; Whitbourne, 2001) е прилично популарна. Според оваа теорија, постигнувањето на развиен (зрел) идентитет и чувството на блискост (интимност) се главните критериуми за позитивно решение на противречностите во адолесценцијата и раната зрелост.

Теоријата на Marcia, (според Breslav, 2001) базирана врз Ериксоновата идеја (концепт) за идентитет и автономија, се обидува да определи четири типа на идентитет во зрелоста разделени од два критериума:

1. искуство и надминување на кризата на идентитетот (самосвесност) во контекст на увидување и избор на животни алтернативи, како и донесување одлуки за себе;
2. искуство во врска со личните обврски во текот на животот и ветувања кон себе дадени во адолесценцијата. Според тоа, индивидуите (поединците) со постигнат идентитет се опишуваат како луѓе кои имаат високо себеприфаќање, стабилно себедефинирање, емоционална стабилност и капацитет да ги земат предвид меѓучовечките перспективи, како и туѓите вредносни позиции и судења.

### *Когнитивни и емоционални критериуми за настапување на зрелоста – ко-конструктивизам*

При анализирање на цела низа можни психолошки критериуми за настапување на зрелоста, треба да го оставиме настрана барем нивото на когнитивни способности и когнитивни операции, бидејќи нема причина да се сомневаме во идеите на Piaget и податоците дека адолесцентите на возраст од 15-16 години, а особено по 20-тата година, се во состојба да решаваат разни типови формално-когнитивни задачи и дека нивните интелектуални операции се карактеризираат со перманентност, повратност, флексибилност, способност за менување, итн.

Некои когнитивно- развојни истражувачи го предлагаат петтиот развоен стадиум во мислењето, стадиум по формално-логичките операции, кој е карактеристичен за периодот на зрелоста и главно подразбира когнитивна способност за интеграција на идеалното (можното) и реалното. Тоа овозможува главна карактеристика на когнитивното функционирање на личноста во периодот на зрелоста да биде способноста за донесување автономни, одговорни и сосема систематизирани решенија.

Навистина е многу тешко да се означи гранична линија меѓу менталните операции (интелектуално-когнитивни процеси) и базичните мотивациско-афективни или персонални процеси кога тие ќе се испреплетат во нивното дејствување во текот на развојот на личниот идентитет, селфот и личноста воопшто. Доказите од различни емпириски истражу-

вања кои се обидуваат да го објаснат личниот идентитет и интегритет, зрелото персонално функционирање и приспособеноста во текот на животниот развој, сугерираат дека важни аспекти на приспособено однесување во сознајните, социјалните и моралните сфери се слични когнитивно-афективни-бихевиорални манифестации кои споделуваат речиси идентични или многу слични психолошки стожери. Поточно, приспособеното функционирање и зрело персонално функционирање низ различните животни сфери и развојни периоди, а особено во периодот на зрелоста, може потенцијално да се разбере само низ проширена и интегрирана рамка на психолошко функционирање (Такашманова, 1999).

Во тој контекст, поголем број современи автори го изградуваат концептот за емоционална интелигенција, идентификувајќи ја со поимот персонална интелигенција. Тоа би значело способност за проценка на сопствениот емотивен живот – рангирање на афектите или емоциите, или капацитет на личноста да направи дискриминација на чувствата, да ги означи, да ги претвори во симболички кодови, да им даде значење на разбрани нешта кои ќе станат водачи на нејзиното однесување. Значи, пред сѐ, станува збор за адаптивни способности на личноста вметнати во социјалната перцепција, социјалната интелигенција и социјалната компетентност.

Проширената и интегрирана рамка на психолошкото функционирање уште повеќе се вградува во т.н. ко-конструктивизам (Openheimer, 2001). Овој најсовремен теоретски модел подразбира синтеза меѓу социогенетските и персонално конструктивистичките пристапи во обидите да се објасни селфот како метакогнитивна структура. Според овој теоретски модел, на развојот на личноста се гледа како на континуиран процес меѓу екстернализацијата и интернализацијата. Значи, од една страна е селфот, поточно личноста, а од друга страна е контекстот со сите посредници на социјализацијата и колективната култура. Она што посредува меѓу нив во текот на развојот е токму дијалектиката меѓу интернализацијата и екстернализацијата (Такашманова, 1998). Според Openheimer, развојот на семиотичката (медијациона) функција е водачот меѓу внатрешно-персоналните и социјалните искуства. Зборовите со своето значење помагаат да се збогатува знаењето (когницијата) и да се разбира од страна на луѓето на релативно подеднаков начин, но, сепак секој од нас

има своја интерпретација на контекстот во кој живее и на себеси во тој контекст поради различниот бекграунд, разликите во атачментот и сите други афективни процеси. Ова особено се потенцира во периодот на зрелоста, поради акумулираните животни искуства, и, секако, соодветно се манифестира во чувството на личен идентитет и однесувањето на возрасниот човек.

### *Зрелоста во контекстот на идеите на Виготски и неговиот концепт на социјална ситуација на развојот*

Идејата за постигнување созреан (зрел) идентитет во контекст на социјалната ситуација на развојот може да се интерпретира како избор на себеуправување и донесување одлуки во сообразност со социјалните очекувања и задачи, со соодветни одговорности и обврски, надминувајќи ја кризата на постигнување на идентитетот (Breslav, 2001). Тоа значи дека постигнувањето зрел идентитет води кон оспособување да се биде социјално флексибилна личност, адаптибилна кон сите предизвици од околината, притоа без да се загуби сопствениот идентитет и приоритети (Ivic, 1987).

Се смета дека во овој систем на саморегулација кај зрелите луѓе централен елемент претставува нивната волја за сопствен напредок, за постигнување ниво на потребна способност и еднаквост во односите со другите, сè со цел подготвени да се соочуваат со општествените конструктивни предизвици од опкружувањето (околината). Системот од саморегулација овозможува интеграција на социјалните, на практичните вештини, како и на умешностите од интелектуалната активност, а пак тоа придонесува единката да се постави на еднакво рамниште со другите луѓе на сите нивоа на социјална интеракција (интерперсонална, меѓугрупна, интернационална) да биде достоен партнер, родител, професионалец, граѓанин.

*

* *

Основната порака што би можела со сигурност да се извлече од интеракционистичката перспектива при објаснувањето на периодот на зрелоста е: *личноста добро започнала да ја реализира примарната развојна задача на зрел човек во оној момент од својот личен развој кога постигнала ментален и личносен капацитет (когнитивен и афективен), што ѝ овозможува својот идентитет да го остварува (или доизградува) низ истовремена рамка на сопствените можности и ограничувања и низ можностите и ограничувањата на нејзиното опкружување, контекстот или социјалната ситуација на нејзиниот личен развој*. Се чини дека токму овој развоен критериум го означува вистинскиот почеток на периодот на зрелоста. Притоа, многу е важно, личноста, станувајќи свесна за социјалниот и културно-историскиот контекст, да биде подеднакво свесна за личните аспирации, приоритети, атрибутите на сопствениот карактер и слично, и обратно.

Тоа би значело дека индивидуата постигнала силна и релативно стабилна хиерархија на вредности и мотиви кои не ги ограничуваат индивидуалната толеранција и флексибилност во различни форми на социјални интеракции, но ја ставаат под контрола онаа активност која се противставува на прифатената структура на вредности од страна на личноста (Demetriou et al., 1999).

Во овој контекст, современите теоретичари и истражувачи на периодот на зрелоста, упатуваат на важноста на *флексибилното прилагодување на животните цели и примарната и секундарната контрола во персоналното функционирање*, како важни параметри на системот на саморегулација. Токму затоа, хиерархијата на мотивите би можела метафорично да се нарече „'рбетен столб“ (Breslav, 2001), или јатка, јадро на личноста, бидејќи на некој начин го опишува интегралниот психолошки концепт на саморегулација на личниот развој.

Примарната контрола подразбира целисходно однесување на личноста, кое ѝ помага нејзините индивидуални желби, приоритети, потреби и цели да ги надминуваат кои било ограничувања што можат да бидат присутни во средината или социјалната ситуација на развојот.

Секундарната контрола, пак, подразбира обратно однесување: тоа е повторно целисходно однесување на личноста, при што таа прави когнитивно-афективни-бихејвиорални стратегии, менувајќи ги сопстве-

ните перцепции за личните желби, потреби, приоритети, во процесот на активна адаптација на средината.

Токму таа релативно стабилна и издиференцирана способност за флексибилно приспособување на личноста и нејзините животни цели ја дефинира т.н. *животна структура на личноста* (life structure).

Животната структура на личноста претставува базичен модел или дизајн на живеење што индивидуата го изградила во одделен специфичен развоен стадиум (Whitbourne, 2001). Овој базичен личносен нацрт на живеење ги отсликува (или барем би требало да ги отсликува) покрупните, јадровните, квалитативно развојни промени во периодот на зрелоста, кои најчесто се сврзани со специфичната социјална зрелост.

Тргнувајќи од идејата за доминантна животна структура, предложен е и модел на периодизација, кој би можел да го објасни почетокот на зрелоста, особено комплексноста на „подготовките“ за овој развоен период, како и фините развојни разлики во целокупниот период на зрелоста (слика 1).

Шемата јасно покажува дека епигенетскиот принцип на развојот е многу важен и во дефинирање на суптилните развојни стадиуми што ѝ претходат на зрелоста, како и во текот на самиот период на зрелоста.

Развојните стадиуми што го означуваат почетокот на зрелоста, раната зрелост, сè до развојниот стадиум кога доминира специфичната животна структура на „средните години“, се определени во пошироки временски секвенции, бидејќи во текот на посочените развојни стадиуми побавно се постигнува релативно стабилна животна структура. Тоа е во тесна врска со влијанијата на противречностите од адолесценцијата при завршувањето на процесот на интензивно градење на идентитетот, од една страна, како и на индивидуалните разлики при преземањето нови, многубројни, витално важни социјални улоги. Индивидуалните разлики се должат и на разликите во персоналното функционирање, но и во различните животни стории на луѓето, што посредно ги отсликува социјалните услови на развојот.

Сепак, и покрај индивидуалните разлики, и во периодот на зрелоста, очигледно, може да се зборува за развојни универзалии, иако претходно во текстов се објасни инсистирањето на современите истражувачи и теоретичари развојно-квалитативните промени во зрелоста,

преминот од младоста во зрелоста и премините низ квалитативно различните фази низ годините на зрелоста, да не се дефинираат премногу строго.




*Слика 1. Развојни стадиуми во периодот на зрелоста (извор: Whitbourne, 2001)*

Ова упатува на заклучокот дека развојните психолози сè уште интензивно се во потрага по јасно операционализирани критериуми што

го определуваат развојот во зрелоста. Дури и ако сосема се прифатат идеите за животна структура во зрелоста, вклучувајќи го тука и интегралниот развојно-психолошки концепт на саморегулација, сепак мора да се интензивираат истражувања кои ќе доведат до јасно операционализирани мерки на овие конструкти. Тоа подразбира и интензивно трагање по соодветен инструментариум, бидејќи анализите на наративните известувања на испитаниците, усни или писмени, спонтани и отворени или поттикнувани и водени, не се доволни да ја затворат дискусијата околу операционално дефинираните развојно-психолошки критериуми што го дефинираат периодот на зрелоста.

**Клучни зборови**: период на зрелоста, развој, поим на психолошка зрелост, систем на саморегулација, социјална ситуација на развојот, постигнување на зрел идентитет.

## Литература


- Breslav, G.(2001): *Is the Concept "Coming of Age" Based on Psychological Data?.* Xth European Conference on Developmental Psychology, Uppsala, Sweden.
- Demetriou, A., Doise, W., Lieshout, C. (1999): *Life-Span Developmental Psychology*, J. Wiley & sons, England.
- Ivić, I.(1987): Razvojna psihologija zrelog doba, *Kultura,* 76/77, 34-47.
- Openheimer, L.(2001): *Co-constructivism,* Xth European Conference on Developmental Psychology, Uppsala, Sweden.
- Shulman, S., Feldman, B., Cohen, O., Mahler, A.(2001): *Emerging Adulthood; Self Organizatory Processes, Age-Related Tasks, and the Quality of Relationships with Parents and Friends,* Xth European Conference on Developmental Psychology, Uppsala, Sweden.
- Такашманова, С.Т. (1998) Дијалектиката помеѓу интернализацијата и екстернализацијата како развојни механизми во теориите на Жан Пијаже и Лев Виготски, *Годишен зборник на Филозофски факултет*, Скопје, стр. 273-283.
- Такашманова, С.Т. (1999): Развојно-когнитивен пристап во истражувањата на сликата за себе, *25 години Институт за психологија,* Зборник, Филозофскиот факултет, Скопје, стр. 94-105.
- Whitbourne, K.S. (2001): *Adult Development & Aging,* J. Wiley & sons, USA

## SUMMARY

Tatjana TAKAŠMANOVA-SOKOLOVSKA

## SEARCHING TO DEVELOPMENTAL – PSYCHOLOGICAL CRITERIA IN DEFINING THE PERIOD OF ADULTHOOD

The main goal of the work is contribution to developmental - psychological defining and understanding of adulthood, especially the complexity of this developmental period in a changing world and in particular to explore the parallels between the level of assumption of adult roles and possible underlying psychological processes as understood from the perspective of the self system.

The core of adulthood is clarified mainly in the conceptual framework of identity, personal autonomy and in the context of Vygotsky's s ideas about the model of the social situation of development and system of self - regulation ensuring social, practical and intellectual skills. It may be assumed that the central element of the system of adult's self-regulation is to improve oneself, to achieve the level of necessary competence and parity relationship, to be prepared to meet socially constructive challenges of one's environment. It's also sugessted that today a successful development into adulthood might be based more on inner capabilities and inclinations than on external circumstances.